РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
AVOKATI I POPULLIT
Бр./Nr. 04 - 2375/26
21. 11. 2019
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: 21. 11. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6201/1 | | |

**ДО**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- За г-ин Талат Џафери

**ПРЕДМЕТ: Доставување на Предлог за избор на заменици на народниот правобранител со образложение**

Почитуван Претседател,

Врз основа на член 5 став 5 од Законот за народниот правобранител (Службен Весник на Р.М. бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) Ви доставувам Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

Имајќи го предвид фактот дека на замениците на Народниот правобранител во Скопје и подрачните организациони единици во Битола и Кичево им е истечен мандатот, а заради потребата од ефикасно и одговорно извршување на функцијата за заштита на слободите и правата на граѓаните, меѓу другото е неодложно кадровско екипирање на институцијата со заменици на Народниот правобранител.

Заради тоа, предлагам приложениот Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител да биде ставен на дневен ред на првата наредна седница на Собранието на Република Северна Македонија.

Со почит,

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Иџет Мемети**

**ПРИЛОГ: - Предлог и податоци за кандидатите**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
AVOKATI I POPULLIT
Бр./Nr. 04-2375/26
21.11.2019
Скопје Shkup

Врз основа на член 5 став 5 од Законот за народниот правобранител (Службен Весник на Р.М. бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) и Одлуката на Собранието на Република Македонија за определување на бројот на замениците на Народниот правобранител бр.07-5870/01 од 20.11.2003 година („Службен весник на РМ" бр. 74/2003), на Собранието на Република Северна Македонија му поднесувам

**ПРЕДЛОГ**

**за избор на заменици на Народниот правобранител**

Собранието на Република Северна Македонија да донесе одлука со која за заменици на Народниот правобранител ќе ги избере следните кандидати:

1. **Соња Трифуновска -** дипломиран правник од Тетово, кој ќе работи во седиштето на Народниот правобранител во Скопје.

2. **Лилјана Илиевска -** дипломиран правник од Битола, кој ќе работи во подрачната организациона единица на Народниот правобранител во Битола.

3. **Илбер Руфати** - дипломиран правник од Кичево, кој ќе работи во подрачната организациона единица на Народниот правобранител во Кичево.

**Образложение**

Собранието на Република Македонија на 10.09.2003 година го донесе Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 60/03) кој стапи во сила од 01.10.2003 година, како и измените и дополнувањата на Законот за народниот правобранител од 2009, 2016 и 2018 г.

Народниот правобранител согласно член 5 став 5 од Законот за народниот правобранител (Службен Весник на Р.М. бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) на 28.10.2019 г. во Службен весник на Република Северна Македонија и во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" објави оглас за заменици на Народниот правобранител за подрачјето на Скопје, Битола и Кичево.

Согласно член 6, став 2 и став 3 од Законот, за заменик на Народниот правобранител може може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос, има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото, работно искуство од најмалку 7 години во областа на правото, чија активност е докажана во областа на заштитата и промоцијата на човековите права и ужива углед во вршењето на

професијата, што се докажува со добиени оценки за работењето во професијата, релевантни препораки или признанија кои можат да се верификуваат. Еден од замениците на Народниот правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос, има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС односно завршен VII/1 степен образование, работно искуство од најмалку 7 години, чија активност е докажана во областа на заштитата и промоцијата на човековите права и ужива углед во вршењето на професијата, што се докажува со добиени оценки за работењето во професијата, релевантни препораки или признанија кои можат да се верификуваат.“

Народниот правобранител по објавениот оглас и направена селекција ги утврди предложените кандидати за заменици на Народниот правобранител кои ги исполнуваат општите и посебните услови да бидат предложени за заменици на Народниот правобранител, по ова согласно член 5 став 5 од Законот за народниот правобранител (Службен Весник на Р.М. бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) утврдените предлози ги доставувам и му предлагам на Собранието на Република Северна Македонија да ги избере предложените кандидати за заменици на Народниот правобранител.

Одлучувајќи се за Предлогот, Народниот правобранител е убеден дека предложените кандидати со успех, навремено, законски и стручно ќе ги извршуваат доверените работи од надлежност и функција на Народниот правобранител.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Иџет Мемети**

## ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТИТЕ ЗА ЗАМЕНИЦИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

1. **СОЊА ТРИФУНОВСКА,** родена 1970 година во Тетово.

   Дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје на Правниот факултет во 2000 година.

   Од 1993 г. е главен и одговорен уредник на Радио „М“ Тетово.

   Од 2005 г. е вработена во Воспитно поправниот дом Тетово

   Од 2007 г. до денес е вработена во ОУ „Андреја Савески-Кикиш“ Тетово.

   Исто така, кандидатот од 2000 г. бил волонтер во Агенцијата за истражување на јавно мнение на граѓани СММРИ-Скопје како супервизор за северо-западна Македонија.

   Од 2006 г. е волентер во Агенцијата за истражување на јавно мнение на граѓани БРИМА ГАЛУП-Скопје.

   Од 2000 г до 2002 г. волонтер во Основен суд Тетово

   Од 2002 г. до 2003 г. Адвокатски приправник во адвокатска канцеларија на адвокат Симо Трипуновски Тетово.

   Кандидатот согласно Законот за народниот правобранител поседува релевантни препораки и признанија од обласа на заштитата и промоцијата на човековите права кои можат да се верификуваат издадени од Фондација Фридрих Еберт Скопје, Национален демократски институт, Институт за социјална демократија Прогрес, УСАИД, Општина Гази Баба, Институт за развој на заедниците и Здружение за поддршка и развој на младите МНО МОЗАИК Тетово.

2. **ЛИЛЈАНА ИЛИЕВСКА,** роден во 1961 година во Битола.

   Дипломирала на Правниот факултет-Битола во 1983 г.

   Од 1984 г. до 1987 г. била вработена во ЗК Пелагонија.

   Од 1987 г. до 1989 г. била вработена како правник во РО Македонија Агропромет ООЗТ

   Од 1989 г. до 1990. г. правник во СОЗТ ЗЗПК МАКЕДОНИЈА АГРОПРОМЕТ ООЗТ ДИТОКОМЕРЦ

   Од 1990 г. до 2004 г. правник во А.Д Жито Битола

Од 2004 г. до денес државен советник во канцеларијата на Народниот правобранител во Битола.

Кандидатот согласно Законот за народниот правобранител поседува релевантни препораки и признанија од областа на заштитата и промоцијата на човековите права кои можат да се верификуваат издадени од Ромска организација за мултикултурна афирмација Прилеп, Центар за граѓанска иницијатива Прилеп, Граѓанска асоцијација Битола, Здружение за еднакви можности „СЕМПЕР“ Битола, Центар за човекови права АМОС Битола, НВО Инфо-Центар, Хелсиншки Комитет, Центар за подршка на ЛГБТИ, ХЕРА, ОБСЕ Мисија во Скопје, Народен правобранител, МДФ и МЦМС и Коалиција сите за правично судење.

3. **ИЛБЕР РУФАТИ,** роден во 1967 година во Кичево.

Дипломирал на Меѓународниот Универзитет во Струга на Правниот факултет во 2009 г.

Од 2009 г. до 2010 г. бил вработен во ДПГТУ „АДЕСА“

Од 2010 г. до 2015 г. бил вработен во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор и

Од 2015 г. до денес е вработен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи.

Од 2004 г. до 2005 г. бил вработен и на проект финансиран од Канцеларијата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Кандидатот согласно Законот за народниот правобранител поседува релевантни препораки и признанија од областа на заштитата и промоцијата на човековите права кои можат да се верификуваат издадени од Канцеларијата за развој на Обединетите нации (УНДП), Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) и УЈП-РД Тетово.